# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

*Сабота, 1 април 2023*

## Лозјето, прачките и плодовите

Пораките од Евангелието според Јован, 15. глава се дел од завршниот Исусов говор на учениците пред Неговото страдање. Исус овде зборува за Татковата и за својата улога во животот на христијаните, за постојаната заедница со Него, која ќе донесе плод во христијанскиот живот. На крајот, укажува на омразата на светот кон вистината и потребата Христовите ученици да му сведочат на таквиот свет.

**I. Лозата, прачките и плодовите**

Исус не се споредувал со бор, даб или витка палма, туку со лоза, со таа нежна билка која бара постојан труд и одржување. Тој се откажал од себеси и се ставил во позиција на постојана зависност од Таткото. Исус ни зборува за тоа: *„Јас сум вистинското лозје, а мојот Татко е лозарот“.*

Апостол Павле го опишува Исусовото самооткажување со зборовите: „И откако се најде во лик како човек, Тој се понизи Самиот Себе и стана послушен до смрт, дури и до смрт на крст“ (Филипјаните 2,8). Исус го прашува Филип, апостолот со бавно верување: „Филип Му рече: 'Господи, покажи ни Го Таткото, и доста ни е'. Исус му рече: 'Толку време Сум со вас и не Ме позна, Филипе? Кој Ме видел Мене, Го видел и Таткото; тогаш како велиш ти: 'Покажи ни Го Таткото!' Не веруваш ли дека Јас Сум во Таткото и дека Таткото е во Мене? Зборовите што ви ги кажувам, не ги зборувам од Себе; Таткото, Кој е во Мене, Тој ги прави делата'“ (Јован 14,8-10).

„*Јас сум Лозата, а вие сте прачките*“ им рекол Христос на своите ученици. Иако наскоро требало да се земе од нив, нивното духовно единство со него требало да остане непроменето. Врската помеѓу прачките и лозата, рекол Тој, ја претставува врската што треба да ја одржувате вие со мене. Калемот се калеми на жива прачка и влакно по влакно, жилка по жилка

зараснува со лозата. Животот на лозата станува живот на прачката. Така и мртвата душа во престапите и гревовите добива живот преку врската со Христа. Таа врска се воспоставува со вера во Него, како жив Спасител“ (*Копнежот на вековите*, 589.590).

„*Секоја прачка на Мене, која не раѓа плод, Тој ја отсечува. А секоја прачка што раѓа плод, Тој ја чисти, за да дава уште повеќе род*“. Со ова Исус покажува дека на Него постојат два вида прачки: родна, која Лозарот ја чисти за да роди повеќе род, и неродна, онаа која Тој конечно ќе ја исече.

**а. Родните лози мора да се исчистат**

„Обрежувањето ќе предизвика болка, но Отецот е тој што го употребува ножот. Тој не работи со немилостива рака ниту со рамнодушно срце. Постојат прачки што се влечат по земјата и затоа тие треба да се одвојат од земниот потпор за кој се фатиле со своите кадрици. Тие треба да се насочат кон небото и да пронајдат своја потпора во Бога. Излишните лисја што го извлекуваат животниот сок од плодот мора да се отстранат. Бујно израснатите делови на билката мора да се пресечат за да се овозможи навлегување на зраците на Сонцето на правдата. Лозарот ги сече штетните изданоци за плодот да биде побогат и пообилен“ (Копнежот на вековите, 591).

**б. Неродните лози се отсекуваат**

За овие лози Духот на пророштвото вели: „Така може да постои само привидна врска со Христа, без вистинска заедница со него преку вера. Исповедањето на верата ги доведува луѓето во црквата, но карактерот и однесувањето покажуваат дали тие се поврзани со Христа. Ако не донесуваат никаков плод, тие се неродни прачки“ (*Копнежот на вековите*, 591).

Дали лозарот веднаш ги сече таквите лози? Секако дека не. Тој поединечно се труди околу секоја и благодарение на Неговата милост секоја има можност да се поправи. Затоа и се продолжува времето на милост. „Господ не го забавува тоа што

го ветил, како што некои мислат за тоа бавење, туку го покажува Своето трпение кон вас, зашто не сака некој да пропадне, туку сите да дојдат до покајание. Бидејќи сѐ ова ќе се распадне така, какви треба да бидете во светото владеење и во побожноста... Затоа, возљубени, додека го очекувате ова, погрижете се Тој да ве најде чисти и непорочни во мир. А долготрпеливоста на нашиот Господ сметајте ја како спасение, како што и нашиот возљубен брат Павле ви напишал, според дадената му мудрост..." (2. Петрово 3,9.11.14. 15.). На кој вид прачки ние денес припаѓаме. Денес да го провериме и искористиме големото Божјо трпение за спасение!

**в. Средство за чистење е Божјата реч**

*Вие сте веќе чисти преку словото што ви го проповедав.*

*Твојот збор е вистина. Направи ги свети преку вистината.*

*Тогаш ќе ја запознаете вистината, и вистината ќе ве ослободи.*" (Јован 15,3; 17,17; 8,32).

Овие стихови нѐ храбрат да имаме љубов кон Божјата реч, секојдневно ревносно да проучуваме и да ја спроведуваме во живот. Дури тогаш таа нас ќе нѐ исчисти и препороди. „Откако преку Духот ги очистивте вашите души во послушност кон вистината, за нелицемерно братољубие; љубете се истрајно еден друг од чисто срце" (l. Петрово 1,22.).

**г. „Бидете во мене и јас ќе бидам во вас"**

Исус со верата, молитвата и послушноста кон Божјата реч ја одржувал непрекинатата врска со својот Татко и нѐ советува како да бидеме со Него. „Јас Сум лозата, а вие сте прачките. Кој останува во Мене, и Јас во него, тој дава многу плод; зашто без Мене не можете да направите ништо" (Јован 15,5.) Постојат само две можности:

1. „Сѐ можам во Исуса Христа, кој ми дава моќ" и

2. „Без мене не можете да направите ништо". Да бидеме и да останеме во Христа значи да чувствуваме постојана зависност од Него, да Го гледаме со вера, непрекинато да бараме помош и да напредуваме.

## II. „ТОЈ ЌЕ ДАДЕ МНОГУ ПЛОД“

Како што луѓето очекуваат плодови од овошките и посевите, така и Бог очекува плодови - многу плодови од своите следбеници. Од Израелскиот народ – Неговото лозје, чекал да се роди грозје, а на Израел и покрај сиот вложен труд во божественото Лозје, му се родила дива лоза.

Во 15. глава од Евангелието според Јован на неколку места се зборува за плодовите:

**а. Раѓање на плод (15,2.4.16).**

**б. Многу плод (15,5.8)**

**в. И тој плод да остане (15,16)**

Плодот е многу значаен за Лозарот. Затоа, Тој прави сѐ Неговите следбеници да донесат богат род. Тој затоа избира и создава ученици, прилепувајќи ги за божествената Гранка, ги чисти и ги праќа да одат и да донесат плод, и тој плод да остане, во спротивно, ќе ги отсече како неплодни лози.

За каков плод зборуваат Евангелијата и Новиот Завет?

**1. Плод достоен за покајание** („Затоа, принесувајте плодови достојни на покајание, и не мислете да речете во себеси: Аврам е наш татко, зашто ви велам, Бог може од овие камења да му издигне чеда на Аврама. Секирата веќе лежи при коренот на дрвјата; затоа секое дрво, што не дава добар плод, се сече и се фрла во оган“ (**Матеј 3,8-10).**

Јован Крстител бара од оние кои доаѓаат кај него да ги крсти, да го променат нивниот живот. Телесното сродство со Аврам, нема ништо да им помогне, доколку не ги творат делата Аврамови. Тој плод мора да се види на самиот почеток на христијанскиот живот, пред самото крштавање и постојано мора да се умножува. Бидејќи покајанието е постојан процес, и плодот достоен за покајание мора да биде постојан.

**2. Плод на Духот** („А плодот на Духот е: љубовта, радоста, мирот, трпението, љубезноста, добрината, верноста, кротоста, самоконтролата; нема закон против вакви нешта“ (**Галатите 5,22.23).**

Но вие не сте во телото, туку во Духот, ако Божјиот Дух навистина живее во вас. Но, ако некој го нема Христовиот Дух, не е Не-

гов. Сите оние, кои ги води Божјиот Дух - тие се Божји синови“ (Римјаните 8,9.14).

**3. Плод на животот – карактерот (подготвеност за спасение)**

Конечно, плод на животот е карактерот. Оваа вистина е прекрасно изнесена во Исусовата парабола за житото кое незабележително расте. („И велеше: 'Така, Божјото Царство е како кога човек ќе фрли семе во земја; и спие и станува ноќе и дење, а семето никнува и расте, а самиот не знае како. Земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебло, после клас - потоа клас полн со зрна. А кога плодот узрее, веднаш испраќа срп, зашто настанала жетва“ (Марко 4,26-29). Исус ја завршува со зборовите „А кога плодот узрее, веднаш испраќа срп, зашто настанала жетва“. Тој мисли на тоа и во параболата за лозарите: „Затоа ви велам, дека ќе ви биде одземено Божјото Царство и ќе му биде дадено на народ, кој ќе ги донесува неговите плодови!“ (Матеј 21,43). Во Евангелието според Јован 15 глава Исус посебно споменува два плода: љубовта и радоста, инсистирајќи посебно на љубовта.

а. Тој тука најпрво учениците ги уверува во љубовта (стих 9)

б. Потоа наведува дека послушноста кон заповедите е доказ за љубовта кон Бога (стих 10)

в. Исус им заповеда на учениците (стихови 12.17) да негуваат меѓусебна братска љубов. „*Ова е Мојата заповед: да се љубите еден со друг, како што Јас ве љубев вас. Никој нема поголема љубов од оваа: да го положи сопствениот живот за своите пријатели. Вие сте Ми пријатели - ако го вршите она, што Јас го заповедам. Не ве наречувам веќе слуги; зашто слугата не знае што прави неговиот господар; а вас ве нареков пријатели, зашто ви соопштив си што чув од Мојот Татко*“ (стихови 10.12-15).

Зошто Исус толку инсистира на љубовта?

Бидејќи Бог е љубов. Таа е свежо совршенство и без неа не може да се опстане во овој студен свет. Единствено љубовта може да ѝ се спротивстави на омразата, себичноста, отуѓеноста. Бидејќи Христовите следбеници се едно семејство, во него мора да владее љубов, инаку тоа ќе пропадне. Понатаму Исус вели: ако царство-

то само по себе се раздели тоа не може да опстане. Значи, љубовта ги соединува сите оние кои ја имаат во себе. Таа никогаш не престанува.

**III. Односот на светот кон Христа и неговите следбеници Јован (15, 18-25)**

Светот му се противи на Бога и неговите следбеници со омраза, нетрпеливост, прогонство. Тие не смеат да му одговорат на светот на ист начин, туку како Исус – со љубов.

Затоа „светот" – сатаната, неговите демонски и човечки оружја го мразат Христа и неговите следбеници.

**1. Тие го носат Христовото име.**

**2. Во светот се, но не се од светот. Исус ги избрал.**

**3. Затоа што светот не го познава Таткото, го мрази Христа и неговите следбеници.**

Меѓутоа, светот нема оправдание за своето неверување: Исус со својата наука и дела им го открил своето потекло, љубовта и силата, и затоа никој нема да има изговор за својот грев. Сепак, во таквиот свет и понатаму треба да се сведочи. Исус мисли на луѓето кои живеат во незнаење, за кое Таткото го дал својот едно роден Син, „та ниеден што верува во него да не загине туку да има живот вечен".

Светиот Дух и учениците ќе сведочат. Врз основа на тоа сведоштво секој мора да одлучи дали ќе остане во царството на темнината или ќе го избере царството на светлината. „*Судот се состои во ова: Светлината дојде во светот, а луѓето ја засакаа темнината повеќе од светлината, зашто делата им беа зли. Зашто, секој кој прави зло ја мрази светлината и не оди кон светлината, за да не бидат откриени неговите дела; а кој ја извршува вистината оди кон светлината, за да се видат неговите дела, бидејќи се извршени во Бога*" (**Јован 3,19-21**).

Да бидеме и да останеме на Лозата за да можеме да родиме многу род, да се соединиме со Христовата љубов, и да ги одржиме Божјите заповеди и да бидеме Негови орудија за спасување на светот! А кој е за ова вреден?

*Сабота, 6 мај 2023*

## Тајното оружје на христијанскиот војник

**Ефесјаните 6,18: „Со секаква просба и молитва, молете се во Духот во секое време, и заради тоа бдејте со сето постојанство и со молба за сите свети“.**

**Вовед**

Во Павловата голема студија за оружјето на победоносниот христијанин, Павле зборува дека ние, како христијани, треба да се подготвиме за битките со кои се соочуваме од ден во ден. Невозможно е да се влезе во битка и да се победи само со својата сопствена сила - ние можеме и ќе победиме само со Господовата сила и Неговото оружје. Би било корисно да се потсетиме дека Павле, кога ги пишувал овие зборови, бил уапсен и опкружен со римски војници. Додека ги пишувал овие зборови, можел да ги види оклопите и оружјето на војниците, и под инспирација на Божјиот дух, можел да направи духовна примена користејќи го тоа оружје како пример. Главно, разгледувањето на духовното оружје се завршува со 17 стих. Но, Павле знаел дека количеството на оклоп и оружје не произведува храбар воин.

За некој човек да стане воин, потребна е внатрешна сила и храброст за соочување со битката. Без тоа, колку и да е војникот истрениран и опремен, на првиот знак на неволја тој би побегнал од непријателот, би бил заробен или убиен. Така е и со христијанските војници. Можеме да го имаме сето Господово оружје, но недостатокот на неопходната сила и храброст за битка ќе направи да доживееме неуспех. Затоа верувам дека на списокот на Божјото оружје потребно е да се додаде и 18. стих. Ако Божјата реч е наше одбранбено оружје и другите делови на оклопот се заради нашата одбрана, тогаш за молитвата може да се каже дека е нашето тајно оружје. Бидејќи преку молитвата, и само преку молитвата, ја добиваме неопходната сила и храброст да станеме и да се бориме во секојдневната борба. Без оваа неопходна состојка ние сме осудени на пропаст, но, со него, како и со останатите делови

на Божјото оружје кои се цврсто прицврстени на своето место, не можеме да бидеме поразени, туку сигурно ќе победиме. Ајде, со овие неколку воведни мисли, да издвоиме неколку минути да го разгледаме тајното оружје на христијанските војници.

**I. Дефиниција на ова тајно оружје**

А. Молитвата може да биде дефинирана како духовна активност во која Божјото дете настапува во двонасочен дијалог со Небесниот Татко.

Б. Молитвата е акција која може да се употреби кога било, на кое било место, и за која било вредна намена.

В. Неколку мисли за молитвата:

1. Молитвата е процес во кој се облекуваме во Божјото оружје. Молитвата е сила со која одиме напред да се бориме наоружани со Божјото оружје. Молитвата е практика  со која ракуваме и целиме кон Божјата артилерија.

2. Молитвата е единствената најголема сила која некогаш е ослободена на земјата, и таа е најсилното оружје кое му стои на располагање на светот. Овој свет можеби ќе најде начин да ги затвори нашите цркви и да ги земе нашите Библии, но никој никогаш нема да може да го запре Божјиот народ да се повикува на својот Небесен Татко!

3. Молитвата го доведува оној кој се моли во присуство на Семоќниот Бог!

4. Молитвата внесува Божја сила во животот на верниците.

5. Никогаш не сме толку слични на Исус, како кога се молиме.

6. Преку молитвата луѓето биле услишени, укажана им е помош, и биле засилени од Бога. Молитвата е пракса која Бог ветил дека ќе ја благослови („*Повикај Ме, и ќе ти одговорам и ќе ти откријам големи и недостижни тајни за кои што не знаеш ништо*, (Еремија 33,3)*; „Во оној ден нема да Ме прашате за ништо. Вистина, вистина ви велам: што и да молите од Мојот Татко, во Мое име, ќе ви даде*“ (Јован 16,23); „И ова е смелоста која ја имаме кон Него: дека нè слуша ако просиме нешто по Неговата волја. И кога знаеме дека нè слуша, што и да Го молиме, знаеме дека ги имаме добиено молбите што ги побаравме од Него“ (1. Јованово

5,14.15)! „И сѐ што ќе побарате во молитва, со вера, ќе добиете" (Матеј 21,22).

**II. Описот на нашето тајно оружје**

**А. Молитвата не треба да престане.** Тоа не значи дека треба постојано да зборуваме додека одиме низ животот ниту дека треба да кажуваме мноштво безначајни зборови и реченици („А кога се молите, не употребувајте напразни повторувања како народите; зашто мислат дека ќе бидат послушани, заради многуте зборови" ( Матеј 6,7). Тоа значи дека треба да го примениме советот на 1. Солуњаните 5,17 - „Молете постојано!" во своите срца. Тоа значи дека треба да бидеме во постојана комуникација со Бога. Со други зборови, слушалката треба постојано да ни биде подигната. Треба да одиме во постојана свесност за Неговото присуство, и со тоа моментално сме во можност да комуницираме со Него во текот на целиот ден. Ако сакаме да останеме чисти и блиски со Бога во овој свет, мораме да имаме токму вакваа на заедница.

**Б. Класификација на нашите молитви.** Искрената молитва ги застапува сите основи. Добар војник ги применува сите видови молитви кои му се на располагање. Постојат формални и неформални молитви, тивки и изговорени молитви, јавни и приватни молитви, молитви на барање и молитви на посредување, молитви на признавање и прославување, молитви на понизност и благодарење. Постојат молитви на пофалби и поставување на прашања. Постојат молитви кои се богослужбени и молитви кои се испалуваат во небото како итна сигнална ракета. Сите овие молитви имаат свое место и мудриот христијански војник успешно ги користи. Христијанинот кој го ограничува своето молење на едноставно барање, ги пропушта благословите кои доаѓаат кога ја користиме молитвата како средство за прославување на Господа и за посредување за другите.

**В. Наш Другар во молитвата** („Духот"). Библијата учи дека Светиот Дух ни помага во нашите молитви. „Исто така и Духот

ѝ помага на нашата слабост, зашто ние не знаеме за што да се молиме, како што треба: но Самиот Дух посредува за нас со неискажливи воздишки. А Оној, Кој ги испитува срцата, знае какво е значењето на Духот, зашто по Божјата волја се моли за светите“ (Римјаните 8,26.27).

Нашиот молитвен живот, како и секој друг дел од нашиот живот, треба да биде под контрола на Светиот Дух. Ако не е така, ќе се молиме себично и напразно, и, како резултат на тоа, ќе откриеме дека нашиот молитвен живот е стеснет и неуспешен (Од каде се војните и од каде се борбите меѓу вас? Не доаѓаат ли од вашите страсни желби, што се борат во вашите членови? Сакате и немате, убивате и завидувате, и не можете да постигнете; се борите и војувате. Немате, зашто не молите. Барате, но не добивате, зашто барате погрешно, за да го трошите во вашите страсни желби“ (Јаков 4,1-3).

Павле во Галатите ни кажува како можеме да се ослободиме од овие навики. „А велам: одете во Духот и нема да ги исполнувате страстите на телото, зашто телото копнее против Духот, а Духот против телото; зашто тие се противат еден на друг, за да не го правите она, што сакате“ (Галатите 5,16.17). Она што мораме да го запаметиме е дека витинската, искрена молитва секогаш почнува на небото, кај Бога. Молитвата е целосно Богоцентрична! Отецот ја поттикнува молитвата, Светиот Дух внесува мисла во нашиот ум. Тогаш кога ја изговараме молитвата која е ставена во нашето срце со посредство на Светиот Дух, ние ја праќаме назад кон Бога, каде што настанала, на првото место.

Молитвата е џиновски триаголник, кој почнува и завршува на Небото, а секоја точка Бог ја контролира. Кога искрено се молиме во Духот, можеме да бидеме сигурни дека се молиме според Божјата волја и дека Тој ќе ги слушне и услиши нашите молитви. „И ова е смелоста која ја имаме кон Него: дека нè слуша ако просиме нешто по Неговата волја. И кога знаеме дека нè слуша, што и да Го молиме, знаеме дека ги имаме добиено молбите што ги побаравме од Него“ (1. Јованово 5,14.15).

**III. Решителност во употребата на ова тајно оружје**

Ако навистина сакаме да бидеме успешни, тогаш не смееме да дозволиме молитвата да стане случаен удар или промашено барање. Таа мора да биде постојана, доследна и Богоцентрична. Павле употребил некои акционо ориентирани зборови за да нè научи како поуспешно да ја користиме молитвата.

**А. Мораме да бидеме во состојба на подготвеност.** Секогаш мораме да бараме можности за молитва и да внимаваме на она што би можело да ја попречи. (Пример: Или сме како учениците (Матеј 26,38-45).

„Тогаш им рече: *'Мојата душа е длабоко натажена до смрт; останете тука и бдејте со Мене!' И отиде малку потаму и падна на Своето лице и се помоли, велејќи: 'Татко Мој! Ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша; но не како што сакам Јас, туку како Ти!' И дојде при учениците, и ги најде како што спијат, и му рече на Петра: 'Така! Не можевте ли да пробдеете со Мене еден час? Бдејте и молете се, за да не паднете во искушение! Духот е бодар, но телото е слабо!' Пак, повторно отиде и се помоли, велејќи: 'Татко Мој! Ако не е можно да Ме одмине оваа чаша, да не ја пијам, нека биде Твојата волја'. И кога дојде пак ги најде како што спијат, зашто очите им беа натежнале. И пак ги остави и отиде да се помоли, по третпат, и ги изговори истите зборови. Тогаш дојде при учениците и им рече: 'Само спијте и почивајте. Еве, наближи часот кога Човечкиот Син ќе биде предаден во рацете на грешниците*; или сме како оние кои Немија ги осудил – Немија 4,9: „*Ние тогаш го повикавме нашиот Бог и поставувавме дневна и ноќна стража, за да го заштитиме градот*". Бог очекува да се молиме, но истовремено Тој очекува и да бидеме свесни за она што го прави сатаната. Да се молиме, а ако не стражариме тоа значи да бидеме ранливи и подложни на пораз. „Стражарете и молете се!" - тоа е клучниот израз!

**Б. Мораме да бидеме активни (истрајност).** Тоа едноставно значи дека е потребно да се молиме сè додека одговорот не дојде

од Бога. „Молете и ќе ви се даде; барајте и ќе најдете; чукајте и ќе ви се отвори. Зашто секој кој моли, добива; кој бара, наоѓа, и на оној кој чука, ќе му се отвори“ (Матеј 7,7.8). (Пример: Јаков – 1. Мојсеева 32,24-30). Многу често ние се откажуваме пред Божјиот Дух да каже „застани“, или пред да дојде одговорот.

Потребно е да бидеме истрајни во молитвата сѐ додека Бог не каже „застани“ или додека не ни го даде тоа што го бараме. Еве еден библиски пример: „Им кажа парабола како треба секогаш да се молат и да не се обесхрабруваат. И рече: ’Во еден град беше некој судија, кој не се боеше од Бога, и не се грижеше за луѓето. А во истиот град имаше и една вдовица, која доаѓаше при него и му се молеше: Заштити ме од мојот противник! Тој нееќеше некое време; после си рече во себеси: Иако не се бојам од Бога, ниту се грижам за луѓето; ќе ѝ го дадам правото на оваа вдовица, зашто ми додева, за на крај да не дојде и да ме нападне. И Господ рече: ’Чујте, што зборува неправедниот судија! Та Бог ли нема да ги заштити Своите избраници, кои викаат кон Него, дење и ноќе, имајќи трпение со нив?’“ (Лука 18,1-7). Раната црква била истрајна во молитвите – Дела 12,1-19).

**В. Мораме да бараме** (исполнување на светите потреби). Мораме да се сетиме дека не сме сами во борбата. Насекаде околу нас има и други христијани, кои имаат ист непријател и борат против него, против ѓаволот. Затоа наша должност  е да се молиме едни за други. Зошто?

1. Сите ние сме браќа, на иста страна, во иста армија. Без оглед на тоа како некои се однесуваат. Ние не сме непријатели!

2. Сите ние сме подложни пад и неуспех и потребна ни  е помош од страна за да победиме.

3. По тоа сите ќе познаат дека сте Мои ученици - ако имате љубов помеѓу себе!“ (Јован 13,35). Ништо не ја поттикнува љубовта и единството меѓу Божјиот народ како постојата молитва едни за други. Речиси е невозможно да се молиш за некој со огорченост, лутина, непростување или омраза кон него. Ништо не може да му помогне на твојот брат, освен ако ти не го понесеш неговиот то-

вар и не му помогнеш да го носи („Носете ги бремињата еден на друг, и со тоа ќе го исполните законот Христов!“ (Галатите 6,2).

4. На црквата и на верниците им е потребна молитва.

5. Никогаш не знаеме кога нашите молитви се токму тоа што на другиот христијанин во моментот му е потребно.

**Заклучок**

Додека Павле ги гледал римските војници, можел да ги види нивните ремени околу нивната половина, оклопите на градите и обувките. Можел да ги види и нивните шлемови, штитови и мечеви. Можел да ги види сите надворешни знаци на нивата подготвеност за борба, но не можел да ја види внатрешната сила или храброст на овие војници. Така е и со тебе и мене. Сите ние можеме добро да изгледаме однадвор, но однатре можеби ни недостасува некоја важна состојка која ја прави разликата меѓу поразот и победата. За римскиот војник тоа била внатрешната сила и храброст. За христијаните, нашето тајно оружје е молитвата! Запомтете, никакво количество на оружје не може да создаде војник за Христа, само молитвата може да го постигне тоа. Со овие мисли на умот, каков ќе биде вашиот молитвен живот?

*Сабота, 3 јуни 2023*

## БОЖЈАТА НЕПРОМЕНЛИВА ПОРАКА

**„И кога почна од Мојсеја и од сите пророци, им протолкува што е пишано за Него во целото Писмо“ (Лука 24,27).**

**Вовед**

Дали некогаш некој ви раскажал нешто, а подоцна се вратил и ја променил приказната? Размислувајќи за ова прашање, луѓето веднаш помислуваат на политичарите. Сигурно сте ја слушнале шегата, „Како знаете дека политичарот лаже? Ги мрда усните“. Очигледно е дека тоа не се однесува на сите, или, пак, на повеќето политичари. Сепак, оваа реченица зборува дека политичарите ќе ја променат својата порака кога зборуваат на различни групи луѓе за да постигнат одредена цел.

Спротивно на тоа, кога зборува Бог, Тој има само една порака, која се применува на сите луѓе во секое време. Како Оној чиј карактер и природа ни се светост и вистина, Бог не може да лаже. Како суверен Создател и Бог на сите работи, не постои никој на кој неговата порака не се однесува. Било да зборува преку светот кој го создал, преку својата пишана Реч или отелотворена Реч – Господ Исус Христос – Божјата порака е јасна. Тој човечките суштества ги создал за заедница со Него, за да можеме да го запознаеме, да го сакаме, да му служиме и да го прославуваме. Иако гревот нè одвојува од Бога, Неговиот план од почетокот бил да ги помири со себе оние кои ќе ја положат својата вера во Божјото средство на искупување – Исуса Христа.

**I. Бог се откривал себеси од почетокот (стих 27а)**

Уште од почетокот на светот, Бог му зборувал на човекот. Иако Бог зборувал преку создавањето, Тој не го создал светот па се сокрил, притоа оставајќи го човекот сам да се занимава со светот и сам да заклучи кое е неговото место во него. Наместо тоа, уште од почеток Бог презел иницијатива сам да му се открие на чове-

кот, своите патишта и својата намера. Тој му зборувал на Адам, додека живеел и чекорел во едемската градина. Му зборувал на Мојсеја од грмушката која горела, а потоа, според 2. Мојсеева 33,11, лице в лице. Бог им зборувал на пророците со својот Дух, заповедајќи им да ги запишат Неговите зборови за да можат да се пренесат на идните генерации („Знајте го ова пред сè: ниедно пророштво во Писмото не може да се толкува како кој сака, зашто никогаш пророштвото не дошло од човечка волја, туку светите Божји луѓе зборувале носени од Светиот Дух“ (2. Петрово 1,20.21). Бог им зборувал на разни начини и во различно време - „Бог, Кој од стари времиња, многупати и на многу начини, им зборуваше на нашите татковци преку пророците, во последниве денови ни зборуваше преку Синот“ (Евреите 1,1). Она што треба да го запаметиме е дека Бог е Тој кој ја презел иницијативата. Неговите зборови се комуникација со човекот. „Целото Писмо е од Бога вдахновено и е полезно за поука, за изобличување, за поправање и за воспитување во правдата“ (2. Тимотеј 3,16).

Треба да забележиме дека во денешниот дел Исус ги признава „Мојсеја и пророците“ (Законот и пророците) како Божјо авторитативно откривање. Сепак, немојте да го занемарите и фактот дека Бог ја презел иницијативата да му се открие на човекот, и дека од почетокот Божјата порака на човекот се упатувала кон една единствена цел, што ќе ја видиме во другиот дел на овој текст.

Дали сте одвоиле време за да размислувате како Бог Создателот на сите живи суштества ја презел иницијативата да му проговори на човекот за да му се открие себеси, својот карактер, своите патишта и својот план? Ние знаеме дека Бог ни се открива преку Библијата. Затоа што Бог не се менува, Неговата реч не се променила, ниту пак ќе се промени. Прашањето гласи: Дали начинот на кој ја цените, читате, учите напамет и размислувате за Божјата Реч покажува дека ја разбирате оваа неверојатна вистина?

### II. Божјото откровение секогаш укажувало на Христа (стих 27б)

Божјето откровение на неговиот план на спасение почнало

со мало - ветено семе кое ќе дојде од жената (1. Мојсеева 3,15). Со текот на времето тоа откровение се развивало и станало многу појасно. Ветувањето ќе дојде преку Аврам, потоа преку Исак, потоа Јуда, па Давид итн. Кога ги читаме зборовите 2. Царевите и ги гледаме мизерните неуспеси на „Давидовите синови", би можеле да се запрашаме како ќе се исполни Божјото ветување ако тоа сè уште не е во потполност откриено. Дури и на крајот од Стариот Завет читателите на Исусовото време чекале, се надевале, и копнееле по Оној кој ќе дојде и ќе го спаси Израел, Божјиот народ. Кога ќе дојде Оној кој ќе го исполни ветувањето дадено на Аврам и ќе го донесе Божјиот благослов не само на Евреите, туку и на сите луѓе?

Учениците кои оделе на патот за Емаус со Исуса, знаеле дека Бог ветил дека ќе дојде Месија кој ќе го „избави Израел" (21. стих). Тие се надевале дека Исус е Месија, но, сепак се чинело дека нивната надеж е изгубена. Тука Исус, далеку од тоа дека им дава некое ново или поинакво откровение, покажал исполнување на она за што Бог зборувал уште на почетокот. Текстот вели дека Исус почнал од Мојсеја и пророците (грчки: *dihermeneusen)* дека сето Писмо укажува на него. Павле го користи истиот овој збор и во 1. Коринќаните за толкување на јазиците. Исус им покажал на овие следбеници (а и на нас) дека Бог уште од почетокот зборувал за својот план дека изгубениот човек ќе биде откупен преку Христа. Сега, преку Христа, планот се остварува.

Бог нема „План Б". Неговиот план од самиот почеток бил да ги откупи оние кои ќе веруваат во Христа, како единствено средство за спасение, преку покајание и вера. На некои им е потребно да ги признаат сопствените гревови, да го прафатат Христа како единствен Спасител и да му го предадат срцето во покајание, вера и предавање. Кога ќе го доживеат неговото прифаќање, проштавање и посветување, нивната вера ќе расте. Тие секојдневно одново ја доживуваат неговата љубов, неговата заштита и неговото водство во животот.

Со таква вера во Христа, во оној кој сега пред Бога ги застапува, тие не можат а да не одговорат на повикот упатен до нив. Оние

кои веруваат во Христа, имаат одговорност да им зборуваат на другите за она што Бог им зборувал уште на почетокот. Нам не ни е потребна нова порака. Мораме храбро и јасно да зборуваме за пораката за помирување со Бога преку Христа. Имаме и порака и мисија: „А сѐ ова е од Бога, Кој нѐ измири со Себе преку Христа и ни ја даде службата на измирувањето, зашто Бог го измири светот со Себе во Христа, не засметувајќи им ги нивните престапи и вложувајќи го во нас словото на измирувањето. Според тоа, ние сме пратеници на Христа - на тој начин што Бог моли преку нас. Молиме во името на Христа: помирете се со Бога!" (2. Коринќаните 5,18-20).

Световноста, старите навики, искушенијата, проблемите, и многу други работи можат да станат пречка во нашата намера да бидеме уште поблизу до Бога, да се помириме со Бога, да го прифатиме Бога во нашиот живот. Тоа ќе направи разлика во нашите стремежи, нашите намери, во нашите животни околности

**Заклучок**

Бог е Бог кој зборува, Бог кој се открива себеси, својот карактер, својата намера и својот план. Од почетокот, она што го зборувал било јасно и доследно – Тој на изгубениот човек ќе му обезбеди безгрешен Искупител, кој ќе ги помири Бога и човекот. Тој тоа го направил во Христа. Сѐ што Бог зборувал и начинот на кој зборувал, укажувало на Христа. Христос е централната порака на целото Свето писмо. Кој се држи за Христа верно до крајот, „кој ќе издржи до крај, тој ќе биде спасен" (Матеј 24,13).

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 2/2023**
**Мисионски проповеди**

*Издава:*
Христијанска адвентистичка црква,
црква на адвентистите
на седмиот ден

*Одговара:*
Томе Трајков

*Подготовка:*
Мелита Томовска

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**